## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 21.09.2019

На 20.09.2019 во 13.50 часот полициски службеници од СВР Скопје на бул.„Јане Сандански" во Скопје од слобода го лишиле С.Д.(24) од Скопје поради тоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.09.2019 во Полициската станица Бит Пазар бил приведен Н.З.(70) од Скопје. При претрес во неговиот дом на ул.„196" во Чаир, извршена со судска наредба, полициски службеници пронашле и одзеле пиштол непозната марка и една рамка со осум куршуми непозната марка и калибар. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.С.(27) од Битола поради постоење основи за сомнение за сторени две кривични дела „кражба", три дела „тешка кражба" и две кривични дела „тешка кражба во обид", против С.С.(49) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторени шест кривични дела „помагање" и против Ѓ.Б.(47) од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторени шест кривични дела „поттикнување". Во периодот од 11 август до 9 септември 2019, пријавениот одземал пари ,мобилни телефони и други вредни предмети од куќи и апартмани во Охрид. За време на извршувањето на кражбите, второпријавената С.С. вршела обезбедување и набљудување на просторот околу куќите, додека третопријавениот Ѓ.Б. со возило ги превезувал и ги чекал на договорени места.

На 20.09.2019 во 11.15 часот на крстосница од магистралниот пат Штип-Делчево и ул.„Гоце Делчев", на влез во с.Тркање, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „опел тигра" со кочански регистарски ознаки, управувано од Е.Ш.(37) од Кочани и мотоцикл „хонда" со кочански регистарски ознаки, управуван од 17-годишен малолетник од с.Соколарци, кочанско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот и бил пренесен во Јавната здравствена установа Кочани за укажување лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Кочани.

На 20.09.2019 во 13.00 часот во Полициската станица Аеродром, М.Е.Г.(63) од Скопје пријавила дека во 10.30 часот на ул.„Тоше Проевски" во Скопје била касната од куче скитник за десната нога.

На 20.09.2019 околу 19.00 часот на крстосница од улиците „Марксова" и „Тризла" во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „југо" со прилепски регистарски ознаки, управувано од Ж.Н.(29) од Прилеп и мотоцикл „трува" со прилепски регистарски ознаки, управувано од 16-годишен малолетник од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот и бил пренесен во болницата во Прилеп каде му била укажана лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика поднесе кривична пријава против Љ.Ј.(46) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем". Во периодот од јануари до септември 2019 пријавениот, како управител на деловен субјект од Скопје, кое со Централниот регистар на Р.С.Македонија имало склучено договор за користење на дистрибутивниот систем, недозволено автоматизирано извршувал системски команди кои му овозможувале за исти производи и исти податоци од претходно направените нарачки да прави нови нарачки во позадински систем и од него да добива нови податоци. Притоа, тој целосно ги заобиколувал контролите за наплата, односно податоците од нарачките ги добивал без надомест, со што го оштетил Централниот регистар на Р.С.Македонија за 33.402.238 денари.

На 20.09.2019 во 10.30 часот на ул.„Перо Наков" во Скопје, патничко возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.В.(47) од Скопје, удрило во пешакот Б.Ѓ.(41) од Скопје. Во незгодата, Б.Ѓ. се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 21.09.2019 во 00.30 часот полициски службеници од СВР Куманово, на ул.„Иво Лола Рибар" го привелеТ.Р.(18) од Куманово поради тоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ш.Е.(52) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени пет кривични дела „тешка кражба"и едно кривично дело „фалсификување исправа" и против В.Ц.(28) од Неготино поради постоење основи на сомнение за сторени пет кривични дела „тешка кражба". Пријавените, кражбите ги извршиле во периодот од 30 август до 15 септември 2019, во пет маркети во Охрид, каде влегувале со употреба на сила и одземале разни предмети. Првопријавениот, исто така, изготвил и лажна лична карта за да го прикрие својот идентитет.

На 20.09.2019 во 10.30 часот во Полициската станица Центар, Ж.Ј.(61) од Куманово пријавил дека околу 10.20 часот во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, додека извршувал службени задачи, физички бил нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 20.09.2019 во Полициската станица Гази Баба, вработена во домот „Ранка Милановиќ" пријавила дека од домот се оддалечил нивниот штитеник К.Д.(14) од Кавадарци. Според пријавеното, тие имале сознанија дека се наоѓа на теритотија на Кавадарци. Инаку, тој повеќе пати досега го напуштал домот и бил враќан во установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Штип поднесе кривична пријава против В.М.(33) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори". На 23.12.2017 на ул.„15-ти Корпус" во Штип, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин и марихуана.

На 20.09.2019 во 11.30 часот во Полициската станица Гази Баба, вработена во домот „Ранка Милановиќ" пријавила дека од домот се оддалечил нивниот штитеник Ф.К., лице со нарушено здравје. Инаку, тој во повеќе наврати пати досега го напуштал домот и бил враќан од полицијата во установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 20.09.2019 во 11.30 часот во Полициското одделение Сарај, А.Б.(53) од Скопје пријавил дека околу 10.30 часот во Рекреативниот центар Сарај неговиот 14-годишен син бил нападнат со остар предмет од едно лице и му нанел повреда на раката. Се работи на расчистување на случајот.
На 20.09.2019 во 23.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалницана ул. „Митрополит Теодосиј Гологанов" едно лице извршило разбојништво. Според пријавеното, сторителот за закана од вработениот одзел пари и побегнал. Се преземаат мерки за расчистувањена случајот.

На 20.09.2019 во 09.24 часот во Полициската станица Виница, С.И.(41) од Виница пријавила дека во кругот на основното училиште „Гоце Делчев" во Виница нејзиното малолетно дете било каснато од куче скитник за десното уво.

На 20.09.2019 во 11.30 часот во Полициската станица Аеродром, Х.Д.(26) од Скопје пријавила дека на 19.09.2019 во 17.40 часот на бул.„Видое Смилевски Бато" во Скопје била касната од куче скитник за левата рака.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)